# Службен весник
## на Република Македонија

**Број 13** **27 јануари 2016, среда** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 390. | **Автентично толкување** на членот 136 став (1) алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14)............. | 2 |
| 391. | **Одлука** за издавање на краткотрајна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана........................... | 2 |
| 392. | **Одлука** за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација.... | 2 |
| 393. | **Одлука** за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2016 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје............................ | 3 |
| 394. | **Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности . | 3 |
| 395. | **Правилник** за изменување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа............................. | 3 |
| 396. | **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа ................. | 3 |
| 397. | **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош .................................. | 4 |
| 398. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација........................................... | 4 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-12 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**390.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 јануари 2016 година, даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 136 СТАВ (1) АЛИНЕЈА 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 И 132/14)

Ставот (1) на членот 136 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) гласи:

„(1) Радиодифузна такса плаќа:

- секое семејно домаќинство во Република Македонија,
- хотели и мотели, по една радиодифузна такса за секои пет соби,
- трговци поединци регистрирани согласно со Законот за трговските друштва како и вршители на дејност регистрирани согласно со закон до 20 вработени по една радиодифузна такса,
- правни лица и сопственици на деловен простор на секои 20 вработени или други лица кои го користат деловниот простор, по една радиодифузна такса. Правните лица кои не се регистрирани согласно со Законот за трговските друштва, односно кои добиваат статус на правно лице согласно со други закони немаат обврска да плаќаат радиодифузна такса согласно со овој закон и
- сопственици на угостителски и други јавни објекти опремени со радио или телевизиски приемник, за секој приемник плаќаат по една радиодифузна такса."

Одредбата на членот 136 став (1) алинеја 1 треба да се толкува, така што, како „семејно домаќинство" ќе се смета семејна или друга заедница на лица кои живеат заедно и заеднички ги трошат своите приходи за намирување на основните животни потреби (домување, исхрана и друго), без оглед дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домаќинството или некој од нив престојуваат определено време во друго населено место, односно странска држава заради работа, школување или од други причини, како и секое лице кое живее само и кое самостојно ги троши своите приходи за намирување на основните животни потреби (домување, исхрана и друго) без оглед на тоа дали живее самостојно или со други лица, како и секое домаќинство составено од лица што живеат во установи за трајно згрижување на деца и возрасни, во манастири и во болници за сместување на неизлечиви болни.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-536/1<br>26 јануари 2016 година<br>Скопје | Претседател<br>на Собранието на Република<br>Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**391.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.1.2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КРАТКОТРАЈНА ПОЗАЈМИЦА НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Член 1

Со оваа одлука од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати се издава краткотрајна позајмица од 600.000 килограми мазут, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Министерството за одбрана.

Нафтениот дериват од став 1 на овој член се позајмува за непречено остварување на функциите на Армијата на Република Македонија.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на позајмените количини на нафтениот дериват од член 1 од оваа одлука, паѓаат на товар на Министерството за одбрана.

Член 3

Се задолжува Министерството за одбрана, позајмените количини на нафтениот дериват од член 1 од оваа одлука да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, најдоцна до 1 јуни 2016 година.

Член 4

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-636/1<br>26 јануари 2016 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Владимир Пешевски,** с.р. |

**392.**

Врз основа на член 50 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15 и 193/15) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.1.2016 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС ЗАРАДИ ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука како градба од посебен интерес се утврдува градбата со основна класа на намена В1 –образование и наука и компатибилни намени на основната класа на намена, која е потребно да се предвиди во рамки на КП бр.5310/1, запишана на Имотен лист бр. 54432 за КО Центар 1, преку изработка на урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес. Земјиштето кое ќе биде опфатено со урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес е дел од градежна парцела број 1.22 со основна класа на намена В4- Државни институции, определена со Изменување и дополнување на деталeн урбанистички план за градска четврт Дебар Маало 1, донесен со Одлука на Општина Центар бр.07-9816/4 од 21.12.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-12557/1-15
12 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**393.**

Врз основа на член 60-г став (1) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15 и 152/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.1.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА ЗА 2016 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се одобрува Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2016 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, донесена од Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје, бр.02-1369/4 од 24.11.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-12942/1-15
12 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

**394.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015 и 153/2015), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.1.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари – објекти (канцеларии) кои се наоѓаат на К.П. бр. 3423 за КО Гевгелија

- зграда број 3, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда ДП, внатрешна површина 109 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-13565/1-15
20 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**395.**

Врз основа на член 131 став (6) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14 и 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15 и 217/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНОСТ, ОДНОСНО НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА**

Член 1

Во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/13), во член 5 во ставот (2) зборовите „ месецот за предметите кои ќе се доставуваат на мислење наредниот месец“ се заменуваат со зборовите “работната недела за предметите кои ќе се доставуваат за ревизија наредната работна недела “.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-310/1
27 јануари 2016 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
д-р **Фросина Ташевска Ременски,** с.р.

---

**396.**

Врз основа на член 67 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15 и 192/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА И ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНКА И МИСЛЕЊЕ ЗА НЕСПОСОБНОСТА ЗА РАБОТА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/13, 11/15, 25/15 и 77/15 ) во член 3 во ставот 1 точката 8 се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-373/2
25 јануари 2016 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
д-р **Фросина Ташевска Ременски**, с.р.

---

**397.**

Врз основа на член 56 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15 и 192/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/13, 126/13, 11/15, 25/15, 77/15 и 163/15), во член 4 во ставот 1 точката 7 се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-374/2
25 јануари 2016 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
д-р **Фросина Ташевска Ременски**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**398.**

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 20 јануари 2016 донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИ ПАЗАРИ ШТО СЕ ПОДЛЕЖНИ НА ПРЕТХОДНА РЕГУЛАЦИЈА**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година, број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година и број 0201-1476/7 од 15.12.2014 година, во член 3 точка а) потточката 3 се брише.

Во точка б) потточките 4. 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, и 13 стануваат потточки 3, 4. 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, Пазар бр. 3. Минимален пакет на изнајмени линии.

Во финалниот документ од анализата на Пазар бр. 3. Минимален пакет на изнајмени линии, донесен под број 1306-23/195 од 13.11.2015 година е утврдено дека овој релевантен малопродажен пазар повеќе не го проаѓа три критериум тестот односно не се исполнети сите три критериуми кумулативно за да пазарот подлежи и понатаму на претходна (ех анте) регулација согласно членот 80 став (2) од Законот за електронските комуникации.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 1306-252/2
20 јануари 2016 година
Скопје

Агенција за електронски
комуникации
в.д. Директор,
**Владимир Ристевски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016013